Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 200 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност**

**Член 1**

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност Бр. 01-4849/1 од 16.08.2019 година и Бр. 01-4555/1 од 22.10.2020 година, во членот 4 став 1 алинеја 2, по зборот „летачки“ се додаваат зборовите „и медицински“.

**Член 2**

Во членот 6 став 1, по зборот „летачки“ се додаваат зборовите „и медицински“, а по зборот „надоместок“, точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „или во фиксен износ.“

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-4555/3
10-11-2020 2020 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска